**УДК 778.53(497.774):39**

**Наде Геневска-Брачиќ (Македонија)**

# ЕСЕЈ ЗА ВИЗУЕЛНА АНТРОПОЛОГИЈА НА ГРАДОТ

*Айсшракш*: Визуелното документирање на градот е долготраен процес на истражување што е резултат на повеќегодишни етнолошки истражувања во градот. Самиот процес на истражување опфаќа различни сегменти во следењето на културно-историскиот развој на градот, што произлегува и се надоградува од година во година забележувајќи ги промените во социјално-економскиот развој. Ова претставува едно мое видување (експеримент) на визуелната антропологија што е значајно од денешен аспект.

*Клучни зборови*: визуелна антропологија, град, простор, улица „Широк сокак“, чаршија.

Фокусот на интерес на визуелната антропологија на градот произлегува од можностите за следењето на секојдневите активности на луѓето во определен простор. Во зависност од одвивањето на секојдневните активности на луѓето се избира методот на визуелното документирање. Значајните сегменти од животот во градот се осмислуваат на начин на кој е најдобро да се пренесат и да бидат најавтентично прикажани. Најдобро е прегледот да се определи со метод на набљудување на животните навики што ги обележуваат основните функции во секојдневието: движењето, разговорите, звуците, кои се случуваат во времето на снимање. Концептот на градење набљудување на секојдневните активности на луѓето во определен простор, во градот, се избира според тоа што е автентично и со кое може да се направи компарација помеѓу минатото и сегашноста. Културно-историските рефлексии од минатото се фокусот на (моите) визуелни согледувања на етноантрополошките забележувања во градот како долготраен процес на следење.

Определбата во градењето на концептот за избор на простор, место и агол на снимање е во комплетна реализација на етнологот истражувач, кој го креира сценариото, снимањето со камера и монтажата. Комплетната ангажираност на етнологот во создавањето на етнолошкиот документарен филм е од важност за комплетна визуализација на главниот фокус. Оваа реализација на визуелното документирање е процес што се надоврзува на претходно истражуваните целини во етнологијата што се манифестираат како краен продукт на забележување на промените во социјалниот живот во градот.

Во визуелното документирање на градот, конкретно во Битола, најважен аспект во приодот претставуваа два простори што имаат најголем импулс во секојдневното живеење.

Првата појдовна визуелна констатација претставуваше просторот, организираноста на градот во минатото и денес, разгледувана во едновековна рамка, парале-

ла помеѓу минатото и денес. Првенствено, како најзначајна за забележување во денешен контекст беше главната улица „Широк сокак“ како феномен на секојдневното живеење во градот, што ги менува културните системи на живеењето, од главна улица со културно-историско значење преминува, се трансформира, во простор според потребите во денешното време. Со регистрирање на едно секојдневие од почетокот на денот до вечерните часови, проследено е темпото во развојот на динамиката од подготовката за отворање на кафулињата, кои се најзастапени, преку пиењето кафе како главна денешна препознатливост на градот, до вечерното повторно мирување.

Втор сегмент избран во набљудувањата на градот, каде што се бара да се воочи тоа што е импулс на животот, поврзан со културно-историскиот контекст, е чаршијата: секојдневните навики на луѓето, отворањето на дуќаните, набавувањето на животните продукти, движењето, комуникацијата, сè она што го отсликува животот во чаршијата. Посебен фактор претставуваа големиот број затворени дуќани или дуќани што се издаваат. Визуализирајќи ги овие движења правиме тие да бидат дел од свесното. Го забележуваме денот од утринските часови, кога започнува отворањето на дуќаните, до попладневните часови, кога динамиката се менува. Најдинамично и најфреквентно време во чаршијата, што го одразува импулсот на животот во градот, е пладневното движење, додека во попладневните часови фреквенцијата на движење е намалена. Динамиката во чаршијата, согледувањата за тоа колку луѓето се присутни во купувањето на секојдневните намирници во градот, затворените дуќани, згаснатите занаетчиски дуќани, беше основната причина за визуелното набљудување. Општествено-економската ситуација во државата се одразува врз животниот стандард на луѓето, а со самото тоа и врз чаршијата. Менувањето и функционирањето на чаршијата секогаш е во зависност од општествените, економските и историските случувања во еден временски период, и затоа е најзначајно состојбите на менување со визуелното документирање да ги констатираме и да ги регистрираме во моментот кога се случуваат.

Имајќи предвид дека овој осврт се однесува на два искористени фреквентни простори каде што се одвива секојдневниот живот во градот, во самото снимање се поставуваше прашањето како да се освои просторот, каде е најдобро да се постави камерата. Поставувањето на камерата треба да биде невпечатливо, само да се следи движењето. Доколку камерата е на централно место, луѓето се тргаат настрана, а со тоа се губи спонтаноста во движењето.

На „Широк сокак“, прашањето е дали да се постават камери на три простори: на почетокот на улицата, на средината и на крајот, дали тоа да се снима одгоре или отстрана. Во конкретната реализација снимањето е започнато со почетокот на улицата, со враќање од крајот на улицата на почеток, и тоа во различни периоди во денот: наутро, кога главната улица, центарот на градот се подготвува за почетокот на денот, пладневната најголема фреквенција, попладне и вечер.

Во чаршијата, која има четири главни влеза, исто така се поставуваше прашањето од каде да се започне со снимање, што е тоа што ќе биде највпечатливо да ја отслика пораката, како тоа да се следи. Во конкретната реализација на сите проодни места е интервенирано во различни временски интервали.

Доколку се одлучевме тоа снимање да биде организирано, со предвреме означени места, правење сцена, вклучување на луѓе, немаше да ја добиеме спонтанос-

та, случувањето ќе беше нарушено, а со самото тоа немаше да се пренесе пораката што беше цел на етнологот. Во таков случај дејствието немаше да биде природно, ќе се забележуваше промена во начинот на изразувањето.

Пристапот кон камерата во реализирањето на визуелниот процес сметам дека е достапен на автентичното видување, при што се има целосна контрола на кадарот и се воспоставува комуникација помеѓу субјектот, етнологот и реципиентот. Во самиот процес на снимање камерата ја држам со две раце, право испружени нанапред, некаде со подвиткување во лактите, на дофат на видното поле. Искреното пренесување на кадрите што се документираат и се приближуваат до публиката сигурно ќе биде препознаено, и овие кадри погледнати од некоја временска дистанца би го дале можеби вистинското значење на визуелното документирање. Во избраниот случај се користени долги кадри, камерата снима додека се одвива дејствие. На моменти се прекинува кога некој од минувачите во момент ја одбегнува камерата и го менува правецот на движење. Секако дека ова снимање не се одвива во еден ден, се регистрираат различни моменти и се собира голем обем на визуелна документација. Селекцијата во монтирањето на овој материјал е изразот на авторот етнолог, кој со селекцијата на кадрите ја пренесува пораката.

Во овие визуелни забележувања во градот е даден посебен осврт на просторот како културно-антрополошка категорија во кој луѓето се движат и комуницираат. Со методот на набљудување, луѓето само се следат без да се наруши случувањето.

Снимениот материјал останува како историска документација, сведок на едно време. Можеби тоа е основната цел со овој метод да се покаже случување во даден временски период и простор. Дејствијата што се случуваат се одговор на општествените рефлексии и културните системи што ги креираат вредностите на животот.

Антрополошкиот документарен филм првенствено ја има функцијата да даде одговор на времето и просторот во којшто се создава, и само на тој начин суштински освестените истражувања што визуелно се документираат ќе ја имаат моќта во создавањето на колективната меморија.